Република Македонија
Општина Могила
Бр. 05-111/12
26.02.2019 год.
Могила

Друштво за производство,трговија
и услуги ЕКОС ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0307/20-2019
26.02. 2019 год.
ТЕТОВО

# Д О Г О В О Р

**за набавка на канцелариски материјали**

Склучен на 22.02.2019 година, меѓу:

**НАБАВУВАЧ: Општина Могила – Могила, Р Северна Македонија,** застапувана од градоначалникот Јасмина Гулевска (во понатамошниот текст „Набавувач“ односно „Нарачувач

**ПРОДАВАЧ: „ЕКОС“ ДООЕЛ- Тетово, Р. Северна Македонија,** застапувана од управителот Мирко Савиќ (во понатамошниот текст „Носител на набавката“, односно „Продавач“

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

**Предмет на набавка Набавка на канцелариски материјали за потребите на Општина Могила**, врз основа на Барањето за прибирање на понуди со објавување на оглас бр.02/2019, која завршува со електронска аукција.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната цена на набавката изнесува **115.350,00** денари , со пресметан 18% ДДВ, според понудата и техничката спецификација, дадени во тендерската документација, Извештајот од е-аукција и Листа на ревидирани цени.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Времетраењето на овој Договор претставува кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни. Двете страни се согласни извршувањето на работите да започне и заврши според доставената понуда, веднаш а во рок од **3 дена** по добиената писмена нарачка за изработка на проектите.

ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Член 4

Носителот на набавката е должен сите работи предвидени во член 2 од овој Договор да ги заврши сукцесивно во зависност од потребата, а веднаш по приемот на нарачката

ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Договорната казна изнесува 1‰ ( 1 промил) од вкупната договорена цена на работите за секој ден задоцнување ако работите не се завршат во предвидениот рок, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% од вкупната цена на работите.

НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

Исплатата на договорената цена за извршената работа ќе се изврши во рок од **30 дена** по предавањето на проектите. Исплатата на договорената цена за извршената работа ќе се изврши во наведениот рок од 30 дена, по предавањето на проектите, по достава на фактурата за завршена работа.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

До еднострано раскинување на договорот може да дојде во случај на ненавремено исполнување на обврските на другата договорна страна.

Член 8

Сите евентуални настанати спорови околу овој Договор ќе се разгледуваат заеднички помеѓу договорните страна и доколку не се најде соодветна солуција, преку спогодување, арбитрирањето на ваквите состојби ќе го врши Основниот суд во Битола.

Член 9

За се што не е предвидено со овој Договор важат одредбите од Законот за облигации.

Член 10

Овој договор е составен во шест (6) еднообразни примероци, по три (3) за секоја од договорните страни.

**НАБАВУВАЧ,** **ПРОДАВАЧ,**

Република Македонија Општина Могила Могила

Друштво за производство, трговија и услуги ЕКОЈ ДООЕЛ увоз-извоз Тетово